# Луција

**Лилјана Грцо Дамовска**

i ♥ books

# 1

Луција имаше будилник во главата. И денеска се разбуди во исто време како вчера, како завчера, како и сите други денови во последниве петнаесетина години. А толку имаше мерак барем еднаш да се успие, па макар и да задоцни на важен состанок. Сакаше да не биде првата што ќе влезе во фирмата, се разбира освен обезбедувањето. Ќе разбереше ако мораше да биде така, да биде прва, ама вака?! Стана раководител на голема странска фирма, односно на експозитурата во нашата земја ама ни тоа ништо не ѝ смени.

Не дека таа многу ги сакаше старите навики, ама ѝ беше криво дека какви и да беа промените нејзе тешко ѝ одеа, па затоа задоволството беше големо што реши да си го подобри изгледот со здрава и избалансирана исхрана и тоа ѝ успеа. Тоа пак ѝ додаде дополнителна самодоверба кога промените

се во прашање, односно сфати дека промените не бараат секогаш којзнае какви жртви. Луција, или како што сите ја викаа Луци, првпат во животот беше задоволна кога ќе застанеше пред огледалото. Таа никогаш немаше некоја потреба да работи на таа тема. Задоволството кај неа доаѓаше од другите сфери кои не беа поврзани со изгледот. Не беше многу висока, но откако пред три месеци подослаби речиси пет килограми, изгледаше многу повисоко. Образите малку ѝ се подобесија, барам така таа си мислеше зошто тонусот на лицето ѝ подопадна, но сините очи и натаму ѝ блескаа како џамлии. Секогаш ѝ блескаа, а најмногу кога беше среќна.

Од дете ја препознаваа по очите. Тоа се гледаше дури и на фотографии како таа што беше направена на нејзиниот прв училиштен ден. Никогаш не ѝ избледи сликата од први септември пред децении кога фотографот го овековечуваше моментот на запознавањето на првачињата со учителката и кога тој, не баш нежно ја фати за рака и ја одвлечка пред училишната табла и почна да чкрапа, дури и да клекнува на колена пред неа. Иако моментот не ѝ беше пријатен, по неколку дена се виде на ѕид, на фотографија ставена во рамка, веднаш на влезот во училиштето, пред кабинетот за наставниците. Не знаеше зошто баш нејзината фотографија беше тука

закачена, но, по милоста во гласот на учителката сфати дека тоа не е ништо лошо.

Сега пред огледалото застана во став мирно, ја затресе сребрената коса, стави кармин на устата и излезе. *Време е*, си рече. *Што ако има метеж по патот?* Си го кажа истото како и вчера, и завчера и сите денови претходно.

Пред влезот на зградата во којашто се наоѓаше нејзината канцеларија стигна за петнаесетина минути. Повторно беше прва. *Барем секретарката да доаѓаше пред мене*, си помисли. Влезе во нејзината канцеларија, се поднамести енергично на фотелјата, иако ова енергично е помалку енергично од тоа што таа го знаеше до пред година-две, и го отвори лаптопот. Ги читаше мејловите зошто работата ѝ зависеше од соопштенија, покани и пораки, а потоа на Твитер прочита неколку постови. По правило установено пред години го отвори и Месинџерот. А оттаму најчесто летаа срциња, понуди од козметички студија, акции и попусти од брендови од кои купуваше. Најголем број пораки не ги ни отвораше.

Ја прочита последната порака, прво малку се возбуди, се намести малку поназад во фотелјата зашто тоа ѝ беше стабилната состојба. Во истиот момент си го слушна чукањето на срцето. Беше прегласно. Ја пре-

плави некоја чудна топлина која тргна од петиците и течеше низ телото сè до главата. Образите ѝ се стоплија. Не, не беше тоа жештина својствена за жени на нејзини години. Стана како попарена од фотелјата, па почна бесцелно да оди од бирото до прозорецот како да бара нешто. А да, бараше чаша! Најде една, ја зеде и отиде во тоалетот.

Се фати за лавабото и го гледаше ликот спроти себе. Како да бараше промени, како да не ѝ беше истиот од пред петнаесетина минути. Сигурно е ова е нов вид климакс, бараше таа разумен одговор за оваа состојба иако таа веќе три години беше во климакс, а ваква манифестација првпат ѝ се случува.

Тропање на подебели штикли од некој кој отсечно гази, чекорење во кое немаше ритам го најави доаѓањето на секретарката. Луција стави неколку капки вода на тилот и две три на деколтето и излезе.

- Имам многу работа. Те молам, за никого не сум тука – ѝ рече на секретарката наместо добро утро.

Месинџерот стоеше отворен како што го остави. Длабоко зеде воздух и почна да чита:

- Здраво, Луци. Многу се израдував што ме побара. Јас сум добар, а се надевам и ти. Живеам во родното место, работам свој бизнис. Сигурно ти си мислеше дека живеам во Солун – прочита гласно.

Махинално врати:

- Добро сум. Јас работам во маркетинг-компанија и сега сум директор.

Кога напиша директор гордо ја крена главата. Обожаваше да каже дека е директор наместо директорка, зашто така, во машки род некако посилно, помоќно ѝ звучеше. Ѝ годеше таквото чувство иако ни самата не можеше да си објасни колку тоа „директор“ лесно и без отпор го прифати, а сите ја познаваа како исклучително борбена и храбра кога станува̀ше збор за женските права. Мораше да признае дека нејзе не ѝ беше ништо ускратено како жена, макар што и ништо не ѝ беше дадено гратис. Сè што имаше, и приватно и службено, и психички и физички си го заработи самата.

- Да, мислев дека живееш во Солун – допиша. Помисли дека не се сеќава дека некогаш мислела каде тој живее.

Месинџерот се огласи:

- Прати ми слика, да те видам – напиша тој.

- Можеш да ги видиш на Фејсбук, имам многу – му врати и веднаш допиша: – А да, не можеш да ги видиш фотографиите освен профилната која ми е од пред пет години зошто не сме пријатели на Фејсбук. Прати ми барање за пријателство и така ќе ги видиш

сите слики – му напиша набрзина.

- Прати ми слика да те видам, најнова, а тоа за пријатели на Фејсбук, другпат – стигна порака.

Луција наместо да му прати слика направена во моментот ја отвори галеријата со фотографии на Фејсбук и почна да ги брише тие каде што беше во прегратка со мажот ѝ, од Берлин, Санторини, Дубаи, Кан. Се брзаше да ги избрише не размислувајќи дека тие фотографии ги нема во новиот телефон и ќе ги нема засекогаш. Ама сега за тоа не мислеше, а и не ѝ беше важно. Беше во паника. Ѝ се појави една фотографија, иако не баш скорешна, на која беше убава, фотошопирана од експертот за фотошоп, маалската фризерка Маре, односно стилистка, како што сакаше да ѝ се обраќаат. Стигна нова порака.

- Дали имаш семејство, деца? Јас имам две ќерки и син – пиша Јанис.

Сакаше да му напише дека е сама, дека нема семејство зашто ѝ се чинеше дека ако му каже дека има две деца тој нема да сака понатаму да си пишуваат, дека комуникацијата може да заврши, а вака може да стане интересно. Но охрабрена од тоа што тој ѝ го напиша, му кажа дека има семејство и двајца синови. Не сакаше да употребува епитети за семејството зашто си помисли ако напише прекрасно семејство тој тоа ќе го протолку-

ва поинаку од што таа сега сакаше. Не сакаше да го праша зашто дури сега ѝ пишува, по три месеци откако таа им пиша на сите Јанис Павлидис што ги најде на Фејсбук. Од никој не доби одговор. Можеби зашто пораката беше на македонски, што ѝ се чинеше како добра идеја зашто така ќе ја разбереше само Јанис, оној што таа го бараше.

- Супер. Луција, гледам уште добро изгледаш. Драго ми е што си среќна и добра. Моето работно време почнува, убав ден – ѝ напиша.

- И тебе – му возврати Луција изненадена од неговата реакција зашто очекуваше дека барем ќе ѝ даде повеќе комплименти, дека ќе сака разговорот подолго да трае, дека ќе покаже повеќе радост што се најдоа по повеќе од три децении.

*Очигледно не му се допаднав*, си помисли таа, па дури и се посомнева во вистинитоста на она што сите ѝ го кажуваа – дека многу добро изгледа, се разбира сосе додавката *за твои години. А, и од каде му е идејата дека сум среќна*, се запраша гласно. Беше среќна што не му кажа дека е баба, зашто тоа секому и секогаш го кажуваше зашто беше најсреќна што ја има внуката Теа, а ѝ годеше кога луѓето вџасено ќе кажеа: „Ти си баба?! Кој би рекол?“

На почетокот зборот баба ѝ одеше на

нерви. Веруваше дека зборот баба не е од милост измислен, па кога некој ќе ѝ кажеше на Теа: „Оди кај баба ти", Луција во истиот момент си создаваше слика од стара, подгрбавена женичка со збрчкано лице. *Стереотипи, ама како да се побегне од нив*, се прашуваше Луција.

Луција две години и шест месеци е баба на Теа, ќерка од поголемиот син, кој е поголем од брат му дванаесет минути. Поголемиот се ожени со девојката од средно и добро направи, си велеа често Луција и сопругот Константин среќни што ја имаа Теа и што синот и снаата убаво си живееја, се сакаа, а и мирна им беше главата на сите во семејството.

А Јанис Павлидис ѝ беше првото момче на Луција. Средношколска љубов. Сите викаа дека беа убав пар. Тој студираше во Скопје, а таа беше ученичка на последната година во гимназија. Тој беше трета година на факултет. Беа заедно со Јанис сѐ додека тој не мораше да оди да дипломира или во Италија или во Белград, зашто дипломите од Македонија не им ги признаваа во Грција. Јанис заврши во Белград зашто најбрзо можеше да дојде да ја види Луција, а и дипломите оттаму им ги признаваа иако тогаш бевме во иста држава. Нелогично, ама така беше. Од Белград во Скопје тој доаѓаше барем еднаш

во месецот. Преспиваше во хотелот „Турист“, во центарот на градот. Еднаш ја зеде за рака и сакаа заедно да влезат горе, во собата, ама рецепционерот го сопре.

- Еј, малака, каде си тргнал? – му довикна на Јанис и со рака им покажа кон излезот.

Ден по дипломирањето тој со воз си замина дома, во Грција и уште на граница го собраа и експресно го пратија да отслужи војска. Доцнел неколку месеци за да отслужи воен рок. Го пратија на островот Лезбос. Тие што студираа во Скопје ги праќаа најдалеку од нивното живеалиште за да не можат ни за викенд дома да отидат.

Знаеше Луција понекогаш да помисли дека ако Јанис не беше пратен на Лезбос тие можеби ќе имаа шанса повторно да се видат. А вака, Луција и да дојдеше до Атина, Јанис не можеше за два дена ни да стигне до брегот, а не пак да се врати на островот. А воениот рок траеше 24 месеци.

# 2

Луција тој ден беше отсутна со паметот и тоа не ѝ помина дури и кога секретарката го најави почетокот на состанокот со еден голем клиент. Добро е што постојано имаше насмевка на лицето, молчеше и гледаше низ него, па клиентот сигурно помисли дека Луција е промислена личност која не се истрчува лесно. Насмевката на нејзиното лице им беше потврда дека состанокот супер поминал. Го испрати гостинот и влезе во канцеларијата.

Првпат по 56 години се запраша: Дали мојава насмевка е среќа или радост?! Таа не беше жена која во животот имаше нереални очекувања, ниту пак бараше влакно во јајце во односите со луѓето. Цврсто газеше на земја и беше свесна дека почнува да старее, што беше нормално за жена во втората половина од шестата деценија, како што беше

нормално и да има понекое бело влакно, да ја напаѓаат жештини, лесно да се здебелува, но исто така беше свесна дека според бројките беше прерано за сериозно стареење. А и не само според бројките. *Па нели старите немаат други желби освен да се живи и здрави?* си велеше. А таа имаше емоции, желби, мозокот ѝ работеше со триста на саат, правеше милион планови, а за идеи беше непресушен извор.

На пример таа за една година ја подобри позицијата на компанијата и тоа ѝ донесе уште повеќе задоволство, иако рака на срце, задоволството никогаш не ѝ беше во минус. Мотив никогаш не ѝ фалеше. Беше енергична, со остар ум. Имаше фраерски карактер, така ја опишуваа пријателите, а се сложуваа и вработените, иако беше целосно свесна дека за тие на кои си им претпоставена не постои добра, а не пак омилена личност.

Првпат со критично око ја загледа нејзината пространа, модерна канцеларија во футуристички стил, малку строга, со геометриски линии и бои кои таа ги сакаше, светлосива и жолта, но сега помисли дека таква каква е веќе не ѝ одговара. Почувствува како да залутала во туѓа просторија, дека седи на туѓо столче, дури и дека е во туѓи чевли кои ѝ беа големи.

Седна на другата фотелја на која се-

деше гостинот. Од 14 кат гледаше право кон Водно. Обожаваше кога остануваше речиси сама на катот и го фаќаше моментот кога светнуваа светилките на крстот. Им се радуваше како на лампиони. Само тогаш не ги чувствуваше мислите, тогаш беше во некоја бестежинска состојба – ни на небо ни на земја. *Како космонауш*, си велеше. Тогаш дури ни дишењето не можеше да си го ослушне, ни пулсот на раката да го види, ама имаше чудесен мир и самозадоволство. *Можеби среќа*, си помисли.

Секогаш ја нервираа и ѝ беа лекомислени луѓето што често го употребуваа тој збор. Го изветвуваа. Таа знаеше дека многумина не го ни знаат значењето на зборот среќа. Убедена беше дека среќата ја помешале со радост, со восклик, со одушевување, со момент на позитивно изненадување, зашто ако беа свесни за неа немаше така лесно да ја предаваат пред предизвиците, дури и да си ја урваат, некогаш и да ја дуваат како прашина или да ја туркаат како старо скршено столче!

За Луција беше таа нешто поголемо, нешто што се простира дури над крстот на Водно и се извишува во недоглед над него. Убедена беше дека може да ја доживеат само емотивно интелигентните без разлика дали се мажи или жени. Велеше дека тие

што ја осознале, а патем ја изгубиле, било по нивна или по туѓа вина, веќе не ќе можат без неа, зашто таа те влече, те повикува да ја бараш. Ако на Луција некој се обидеше да ѝ ја прогласи теоријата за неточна, таа на крај ќе најдеше илјадници аргументи за докаже дека соговорникот зборува за уживање, за задоволство, а не за среќа.

Сметаше дека уживањето е момент на задоволство, на телесна или мисловна исполнетост, а дека среќата е состојба кога умот, телото и сите сетила се во целосна хармонија и дека не смее да фали ни атом од таа целина. *Да изживееш цел еден живот без да ја прегрнеш среќата и таа тебе, си изживеал бесмислен живот*, велеше Луција.

Затоа таа не ги земаше здраво за готово, како апсолутна вистина, зборовите на оние кои велеа дека се среќни или дека не се среќни. Прво, зашто радоста многумина ја поистоветуваат со среќа, а многумина се толку лицемерни што и самите си се лажат, а тие кои сами не се лажат некогаш свесно ги лажат другите. Некои пак, немаат никаква потреба од преиспитување. Се сети на пријателката која работи за интернет-портал и која вината за лажната среќа ја наоѓа во социјалните мрежи. Таа има дури своја теорија. Вели: „Инстаграм, Фејсбук, Пинтерест сите тие промовираат среќа, промовираат

насмеани, среќни ликови за да собираат допаѓања зашто во последниве години борбата е за допаѓања, а илјадници допаѓања се среќа.“ Луција не ја разбра, но ја ислуша.

- Блазе си им, колку им е лесно, тие, ете, ја нашле формулата за среќа – прокоментира Луција сакајќи да го сокрие сарказмот.

Таа не беше како другите на нејзина возраст иако последнава година неколкупати да си го постави истото прашање што го поставуваат нејзините врснички: дали е среќна со Константин? Дури еднаш и се запраша дали тој е вистинскиот избор. Таа не го избра за маж, тој ја избра за жена, меѓутоа таа беше среќна што тој ја избра. Дали ќе беше посреќна ако беше со друг?! Многупати знаеше да одмавне со раката, така за себе, зашто за ваквите мисли за виновни ги сметаше годините.

Беше начисто дека нејзината среќа нема никаква врска со материјалното, ниту со некаква позиција нејзина или на сопругот во општеството, ниту пак важна и беше професијата. Тино и во шестата деценија беше последниот романтичар, ѝ велеа другарките. А таа не беше романтична зашто ги знаеше одговорите на сите животни прашања, а особено сега, зашто мислеше дека на овие години човек мора да живее како што сака, зашто со спринт трча низ втората половина на живо-

тот. *Можеби и од втората половина потрошив поголем дел, кој да знае*, си велеше.

# 3

Дома, како исто како и на работа, стигнуваше прва. Се разбира кога ќе ги немаше долгите и мачни состаноци или пак вечерите со клиентите на кои мораше да оди. Таа не беше од оние жени кои сакаат излегувања доцна во ноќта, скитања без цел, пијанки, ниту пак беше член во модерните бриџ-парти групи. Сакаше да гледа добра претстава, го обожаваше Стинг, знаеше за добар концерт да оди во Белград, во Загреб, сакаше да изгледа добар филм, инвестираше понекогаш за да биде во популарно фино друштво, знаеше да биде пријатна, ама сѐ правеше со мерка, без претерувања. Оставаше впечаток на разгалена жена иако за себе мислеше дека никој, па ни животот не ја галел.

Знаеше сѐ за компанијата во која сега работи и пред да влезе во неа. Ја разбра суштината на овој вид професија, знаеше